Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
— Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik —
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 27 APR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numer: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 502/2 | | |

**До**
**Националната комисија за учебници при Министерството за образование и наука**

**ПРЕДМЕТ: Извештај на членот известител проф. д-р Христина Рунчева Тасев за наставниот предмет по ГЕОГРАФИЈА за II година гимназиско образование**

Согласно одлуката на Националната комисија за учебници, донесена на својата седница одржана на 2.4.2026 година, избрана сум за член известител за наставниот предмет **ГЕОГРАФИЈА за II година гимназиско образование**, Решение бр. 26-444/1 од 14.4.2026 година. По разгледување на материјалите доставени од Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија по електронски пат на 15.4.2025 година, а согласно член 9 и член 14 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во Службен весник на РСМ, бр. 3 од 3.1.2025 година, го поднесувам следниот

**ИЗВЕШТАЈ**
**за наставниот предмет ГЕОГРАФИЈА за II година гимназиско образование**

На Конкурсот за учебници во основно образование 29.10.2025 година, за наставниот предмет **ГЕОГРАФИЈА за II година гимназиско образование** се пријавиле 3 ракописи со шифри 09, 010 и 011.

Бирото за развој на образованието доставил стручно мислење за сите 3 ракописи, бр. 09-308/9 од 26.02.2026 година, потпишани од м-р Ирена Ајановска, советник во БРО и м-р Трајче Калевски, советник во БРО. Тие напишале детални стручни и аргументирани мислења за истите и **ДАЛЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ** за ракописите со шифра бр. 09, 010 и 011 и за нив нема дополнителни забелешки.

Рецензентската комисија во состав: Иван Радевски, Драган Колчаковски и Лилјана Војнеска дале стучно сумарно мислење во кое се засметани индивидуалните вреднувања на учебниците и е пресметана просечна оцена за истите. Имено, според оцените **ниту еден од трите учебници не ги задоволува барањата поради неисполнување на условите од подрачје 1: Усогласеност со наставните програми.**

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно горе наведеното, како и согласно член 9 алинеа 6 од Законот за учебници во основно и средно образование, објавен во Службен весник на РСМ, бр. 3 од 3.1.2025 година, предлагам да се распушти рецензентската комисија за ракописи на учебници и да се формира стручен тим составен од три члена од редот на наставници во основно, средно и високо образование од базата на рецензенти со цел да извршат повторно стручно вреднување на ракописите за учебници.

Скопје, 24.4.2026 година

Известител,
Проф. д-р Христина Рунчева Тасев